Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 04.08.2015
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4926 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од гледач бр. 03-57 од 28.07.2015 година

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 август 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Во претставката бр. 03-57 од 28.07.2015 година (пристигната на електронска пошта на 27.01.2015 година во 15:45) се наведува дека на ТВ ЕРА се емитува „музички ТВ спот ... на кој се појавува картата на Голема Албанија“.

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, емитуван на 27 јули 2015 година, е констатирано дека во неколку наврати е емитувана песната „Kuq e Zi je Ti“ („Црвен и црн си ти“) на албанската пејачка Елвана Ѓата (Elvana Gjata). Станува збор за навивачка песна и спот кои се веќе познати и се актуелни последниве неколку месеци, а изобилуваат со иконографија типична за навивачка песна чија цел е да поттикне патриотски чувства кај навивачите на спортските тимови/репрезентациите на одредена држава. Во конкретниов случај, станува збор за навивачка песна на Република Албанија, па во неа се појавуваат знамето на Република Албанија, стилизираните прикази на двоглавиот орел, народните танци и други симболи на

Албанија и Албанците. Освен ова, во песната се реферира и на фудбалскиот натпревар меѓу репрезентациите на Албанија и на Србија одигран во Белград во октомври 2014 година кога преку теренот, закачено на дрон, леташе знаме со приказ на голема Албанија, преродбениците Исмаил Ќемали и Иса Болетини, со датумот 28.11.1912, кој се празнува како Ден на знамето. Ова знаме на двапати се покажува во спотот, а неколкупати, на делови од облека, се појавува карта на етничка Албанија. Исто така, во текстот се реферира на „...етничка Албанија..." и на "...еден народ голема Албанија...". Како што покажува и пристигнатата претставка, симболите/зборовите со кои се реферира на етничка/голема Албанија, можат да предизвикаат реакција кај граѓаните од друга национална припадност. Радиодифузерите, согласно **член 61 став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, што подразбира и дека при формулирањето на програмската шема треба да внимаваат содржините што ги емитуваат да бидат во духот на начелото од **член 61 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, за поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, дека во рамките на својата самостојност, независност и одговорност при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, треба да внимава содржините што ги емитува да бидат во духот на начелото од **член 61 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, за поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло.

***Сектор за програмски работи***